МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04-10/12
Датум: 16.10. 2024 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, на ден ___.___2024 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини број 04-10/1 од 05.07.2024 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.02-9/3 од 22.07.2024 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.04-10/9 од 10.09.2024 година

**Член 2**

Во ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, работното место под реден број 9.УПР0101Б01000 Државен советник за нафта и гас **се менува** и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 9 |
| Шифра | УПР0101Б01000 |
| Ниво | Б1 |
| Звање | Државен советник |
| Назив на работно место | Државен советник за рударство |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Државниот секретар |
| Вид на образование | Инженерство и технологија |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Давање совети, насоки и мислења на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар за најсложени прашања поврзани со односи со јавноста и промоција на активностите на министерот |
| Работни задачи и обврски | - Извршува најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност од областа на рударството;<br>- Иницира и предлага ставови по начелни прашања поврзани со рударството од надлежност на министерството;<br>- Ги следи и дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и подзаконските акти од надлежност на |


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

| | |
|---|---|
| | министерството;<br>- Го советува министерот, заменик министерот и државниот секретар за решавање на проблеми од областа на рударството;<br>- Во соработка со државните советници и раководителите на сектори изготвува предлози, мислења и анализи во врска со влијанието на регулативата;<br>- Учествува во работата на работните тела на Владата и на Собрабието на Република Северна Македонија, кога за тоа е овластен;<br>- Учествува во подготовка на стратешкиот план, програмата за работа и буџетот на министерството;<br>- Остварува комуникација и соработка на соодветно ниво со институции и тела на Европската унија, како и остварува комуникација и соработка на соодветно ниво со домашни, стрaнски и меѓународни организации;<br>- Го следи и проучува законодавството на Европската унија и дава насоки за хармонизација на законодавството на Република Северна Македонија во делот на енергетиката со законодавството на Европската унија. |

**Член 3**

Во ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, работното место под реден број 10.УПР0101Б01000 Државен советник за геологија и рударство **се менува** и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 10 |
| Шифра | УПР0101Б01000 |
| Ниво | Б1 |
| Звање | Државен советник |
| Назив на работно место | Државен советник за геологија |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Државниот секретар |
| Вид на образование | Инженерство и технологија |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Давање совети, насоки и мислења на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар за најсложени прашања поврзани со односи со јавноста и промоција на активностите на министерот |
| Работни задачи и обврски | - Извршува најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност од областа на геологијата;<br>- Иницира и предлага ставови по начелни прашања поврзани со геологијата од надлежност на министерството;<br>- Ги следи и дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и подзаконските акти од надлежност на министерството;<br>- Го советува министерот, заменик министерот и државниот секретар за решавање на проблеми од областа на геологојата;<br>- Во соработка со државните советници и раководителите на сектори изготвува предлози, мислења и анализи во врска со влијанието на регулативата; |

| | |
|---|---|
| [redacted] | - Учествува во работата на работните тела на Владата и на Собрабието на Република Северна Македонија, кога за тоа е овластен;<br>- Учествува во подготовка на стратешкиот план, програмата за работа и буџетот на министерството;<br>- Остварува комуникација и соработка на соодветно ниво со институции и тела на Европската унија, како и остварува комуникација и соработка на соодветно ниво со домашни, странски и меѓународни организации;<br>- Го следи и проучува законодавството на Европската унија и дава насоки за хармонизација на законодавството на Република Северна Македонија во делот на енергетиката со законодавството на Европската унија. |

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила по донесувањето врз основа на претходно добиена писмена согласност од Министерството за јавна администрација, а ќе се објави на веб страницата на министерството.

**Министер за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**

**Сања Божиновска**

Изготвил: Сања Чамевска
Контролирал: Наташа Радуловска
Согласен: Горан Јовановски